**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 47 став (6) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр.49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17, 83/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.152/19, 244/19, 275/19, 110/21, 123/22, 65/23 и 218/24), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 29 април 2025 година, донесе

# УРЕДБА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА ПОБЛИСКИТЕ КРИТЕРИУМИ ЗА ДИРЕКТНИ ПЛАЌАЊА, КОРИСНИЦИТЕ НА СРЕДСТВАТА, МАКСИМАЛНИТЕ ИЗНОСИ И НАЧИНОТ НА ДИРЕКТНИТЕ ПЛАЌАЊА ЗА 2025 ГОДИНА

Член 1

Во Уредбата за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2025 година („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.26/25), во членот 2 став (2), во табелата, во подмерката 1.2. во колоната „Поблиски критериуми и Висина на директни плаќања“ алинејата 4 се менува и гласи:

„Корисници на оваа подмерка се и земјоделски стопанства кои се корисници на подмерката 1.1. од оваа уредба, кои своето производство од пченица и јачмен го употребиле за сопствени потреби за исхрана на добиток регистриран со регистарски број на одгледувалиште, во Регистарот на одгледувачи на животни во Агенцијата за храна и ветеринарство, како и земјоделски стопанства кои своето органско производство од пченица и јачмен го продале на сертифицирани органски или во преод регистрирани одгледувачи на добиток со регистарски број на одгледувалиште во Регистарот на одгледувачи на животни во Агенцијата за храна и ветеринарство. Прифатлив број на животни на површина од 0,7 хектари: едно говедо или еден копитар, односно 10 овци или кози, односно 4 свињи;“.

Во подмерката 1.6. во колоната „Поблиски критериуми и Висина на директни плаќања“ по алинејата 6 се додава нова алинеја 7 која гласи:

„- Висината на поддршката за лешник изнесува 13.000,00 денари на хектар;“.

Во алинејата 7 зборот „лешник“ се брише.

Подмерката 1.7. се менува и гласи:

| | | |
|---|---|---|
| „1.7. | Дополнителни директни плаќања од подмерка 1.6. за овошје предадено во преработувачки капацитети или кај регистрирани откупувачи | - Корисници на оваа подмерка се сите земјоделски стопанства кои имаат засадени површини со следните овошни видови: јаболко, праска, вишна, малина, капина, аронија, гоџи бери, кајсија, јагода, калинка и лешник и се корисници на подмерката 1.6. од оваа уредба и се регистрирани во Единствениот регистар на земјоделски стопанства;<br>- Оствареното производство на праска, вишна, малина, капина, аронија, гоџи бери, кајсија, јагода и калинка да е предадено во преработувачки капацитет за овошје директно |

| | | |
|---|---|---|
| | | или преку еден регистриран откупувач во период од 26 декември 2024 година до 25 декември 2025 година, запишани во Регистарот на откупувачи на земјоделски производи-овошје;<br> - Оствареното производство на јаболко да е предадено во преработувачки капацитет или кај регистриран откупувач директно или преку еден регистриран откупувач за период од 15 август 2024 година до 31 јануари 2025 година, запишани во Регистарот на откупувачи на земјоделски производи-овошје;<br>- Оствареното производство на лешник да е предадено кај регистрирани откупувачи за период од 15 септември 2024 година до 31 март 2025 година, запишани во Регистарот на откупувачи на земјоделски производи-овошје;<br>- Висината на поддршката за културите од алинеја 1 од оваа подмерка изнесува 3 денари по килограм за сите овошни култури освен за малина и лешник каде поддршката изнесува 5 денари по килограм,<br>- Висината на поддршката за јаболко изнесува 2 денари по килограм и<br>- Максималните приноси за одделни овошни култури за реализација на оваа подмерка се дадени во Прилог 6, кој е составен дел на оваа уредба. |

“.

Во подмерката 1.11. во колоната „Поблиски критериуми и Висина на директни плаќања“ алинејата 5 се менува и гласи:

„- Минимална прифатлива сертифицирана количина за предосновен, основен и прва генерација (Ц1) семенски материјал за пченица, јачмен, ориз и тритикале е 2,5 тони по хектар пријавена површина, но не повеќе од 8 тони по хектар;“.

Во подмерката 1.12. во колоната „Поблиски критериуми и Висина на директни плаќања“ во алинејата 1 по зборовите „не подоцна од 1 март 2025 година“ се додаваат зборовите „ , како и од 31 мај 2025 година“.

Во алинејата 2 износот „15“ се заменува со износот „5“.

Во ставот (3) во табелата во подмерката 2.1. во колоната „Поблиски критериуми и Висина на директни плаќања“ алинејата 1 се менува и гласи:

„- Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства кои одгледуваат говеда, ги имаат обележано и евидентирано во Регистарот на одгледувалишта на говеда и истите ќе ги чуваат најмалку до 30 ноември 2025 година и сопственото производство на млеко го имаат предадено на регистриран откупувач на сурово млеко како корисници на подмерката 2.3. од оваа уредба или продале или заклале говеда во 2025 година во регистрирани кланични капацитети запишани во Регистар на одобрени објекти за производство на храна од животинско потекло;”.

Во подмерката 2.4. во колоната „Поблиски критериуми и Висина на директни плаќања“ во алинејата 2 зборовите „преработувачки капацитети“ се заменуваат со зборовите „регистрирани кланични капацитети“.

Во подмерката 2.6. во колоната „Поблиски критериуми и Висина на директни плаќања“ во алинејата 2 зборовите „преработувачки капацитети“ се заменуваат со зборовите „регистрирани кланични капацитети“.

Во подмерката 2.11. во колоната „Поблиски критериуми и Висина на директни плаќања“ во алинејата 1 зборовите „преработувачки капацитети“ се заменуваат со зборовите „регистрирани кланични капацитети“.

Во подмерката 2.12. во колоната „Поблиски критериуми и Висина на директни плаќања“ во алинејата 1 зборовите „преработувачки капацитети“ се заменуваат со зборовите „регистрирани кланични капацитети“.

Член 2

Прилогот 6 се заменува со нов Прилог 6, кој е составен дел на оваа уредба.

Член 3

Оваа уредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-3247/24
29 април 2025 година
Скопје

Претсетадел на комисија и
заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.

Прилог 6

Максимални приноси на одделни овошни култури по хектар

| Овошен вид | тони на хектар |
|---|---|
| јаболка | 60 |
| праска | 35 |
| вишна | 15 |
| малина | 10 |
| капина | 25 |
| аронија | 10 |
| гоџи бери | 10 |
| кајсија | 35 |
| јагода | 25 |
| калинка | 25 |
| лешник | 3,5 |